**ЗАКЛУЧОЦИ**
**усвоени на**
**6-тиот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**закажан за 01.08.2014**

**Ел Масри v. РМ**

1. Основниот суд Скопје II Скопје преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, за тоа во која фаза се наоѓа предметот П.бр. 412/09 по тужба заведена од страна на апликантот пртоив РМ-МВР за надомест на нематеријална штета, и да достави образложение за текот на постапката, а доколку предметот е завршен да се достави копија од соодветната судска одлука.

2. Јавното Обвинителство на РМ преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, за превземените активности во врска со поднесената кривична пријава на г-дин Ел Масри од октомври 2008 година против непознати службени лица, а во врска со околностите опишани во Пресудата на Европскиот суд за човекови права.

**Радко и Паунковски v. РМ**

1. Се препорачува на Министерството за правда -Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, (во рок од 15 дена) да достави писмено известување/барање до жалителите со кое детално ќе им укаже на жалителите на формалните недоследности во нивното поднесено писмено барање и пропратна документација за регистрација на Здружението во ЦР на РМ, во согласност со забелешките на ЦР на РМ врз основа на кои регистрацијата на Здружението е одбиена.

**Иљази v. РМ**

1. Основниот суд Кочани преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, во однос на тоа дали апликантот поднел предлог за повторување на кривичната постапка во однос на која ЕСЧП со пресудата Иљази v. РМ констатираше поверда на ЕКЧП, како и за евентуалната одлука во однос на таквиот предлог, која пропратно треба да биде доставена во фотокопија.

2. Се препорачува на Основниот Суд во Кочани при повторното разгледување и одлучување по предметот, доколку истото е побарано и

дозволено од страна на Судот, особено да го има во предвид становиштето на ЕСЧП изразено во параграф 42 од Пресудата.

**Атанасовиќ и др. v. РМ**

1. Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, во рок од 20 дена, да достави информација до Судскиот Совет за соодветна идентификација на сите предмети од групата Атанасовиќ и др., во смисла на странки во постапката и домашни судски деловодни бројки на истите.

2. Се препорачува на Судскиот Совет на РМ, да достави барање за добивање на информации во однос на текот домашните постапки за сите предмети од групата Атанасовиќ и др. до сите надлежни судови во Република Македонија кои постапувале во истите, и добиените информации да ги достави до Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, со цел за подготовка на акционен план/извештај до Комитетот на Министри.

3. Се препорачува на Судскиот Совет на РМ до 15.10.2014 година, да достави до Меѓуресорската комисија статистички показатели за времетраењето на судските постапки за предметите започнати во последните три години, и кои се водат согласно измените на ЗПП од 2011 година, како и податоци во однос на заостанатите предмети во судовите чии постапки траат повеќе од три години и врз кои се применуваат старите законски решенија од ЗПП.

**Наумовски v. РМ**

1. Основниот суд во Скопје II Скопје во рок од 15 дена преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа дали г-динот Наумоски поднел барање за повторување на домашната постапка (П.бр.893/01 заведен под нов број Ро.бр 210/08) согласно член 400 од ЗПП, а во врска со пресудата на ЕСЧП во случајот Наумоски против РМ од 27 ноември 2012 година и за евентуалниот тек и исход од постапката по таквото барање, како и да достави приложено фотокопија од соодветните судски списи.

2. Министерството за правда да ја разгледа можноста за иницирање на измена на членот 248 од Законот за принична постапка – пречистен текст од 2011, а во светло на ставовите на ЕСЧП во пресудата во предметот Наумоски против РМ од 27 ноември 2012, со цел превенирање на идни слични или исти повреди на ЕКЧП и во рок од 1 месец да ја извести Меѓуресорската комисија.

В.Д. Директор на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
D-r Adnan Jashari